# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 26 Јуни 2007 година<br>Службен гласник број 11<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454*, ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 51 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за запирање на објавувањето на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на комуналните такси

1. Се запира објавувањето на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, број 07 – 1467/2 од 25.06.2007 година, поради несогласност со Законот за комуналните такси.
2. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, се враќа до Советот на повторно разгледување.
3. Решението да се достави до Претседателот на Советот на Општината.
4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

О б р а з л о ж е н и е

Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.06.2007 година, донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси број 07 – 1467/2.

Со членот 1 од Одлуката се менува тарифниот број 7 став 1 од Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 10/2005) при што:

"За користење на плоштадите и друг простор во градот и други населени места,со цел за изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за завземена површина и тоа:
-до 10м2…………….1.000,00 ден. од ден;
-од 10-50м2…………2.000,00 ден.од ден;
-од 50-100м2………..4.000,00 ден.од ден;
-над 100м2…………4.000,00 ден.+(плус) 15 ден. од м2 на ден;".

Од увидот на член 20 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004) во тарифен број 7 е предвидено:

"За користење на плоштадите и друг простор во градот и други населени места,со цел за изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за завземена површина од м2 дневно од 3 до 7 денари".

Од горенаведеното се констатира дека Одлуката за изменување

и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси е во спротивност со Законот за комунални такси, поради што се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Број 08 – 1468/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИ СО ТЕХНИЧКА ОПРЕМА, ВОЗИЛА И СРЕДСТВА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ**

1. Ценовникот на услуги со техничка опрема, возила и средства за гасење на пожари, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1468/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 5 став 2 и член 49 од Законот за пожарникарство ("Службен весник на Р. Македонија"бр. 67/04) и член 86 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Р. Македонија " бр. 36/04), Советот на Општина Прилеп, на седницата, одржана на 25.06.2007 година, донесе:

**Ц Е Н О В Н И К**
На услуги со техничка опрема,возила и средства за гасење на пожари

**I. Вршење на услуги со противпожарни возила**

1. За носење и давање вода под притисок со автоцистрена за една (1) цистерна од 7000 литри се наплатува:

- за оддалеченост до 15 км. 3 500.00 ден. и по 150.00 ден. За секој ангажиран ПП-работник за еден час.

-за оддалеченост поголема од 15км. се додава уште по 80.00 ден за секој нареден поминат километер.

2.За користење на противпожарно возило за обезбедување на саеми, јавни приредби,разни спортски и културни манифестации, индустриски и други објекти се наплатува за еден час 3 000.00ден. по едно возило и по 150.00 ден за секој ангажиран ПП- работник за еден час.

3.За користење на моторни возила за превоз на пумпи, црева и слично се наплатува

- за оддалеченост до 15 км. 800.00ден.за еден работен час.

- за оддалеченост поголема од 15км се наплатува по 80.00 ден. за секој нареден поминат километер.

За пресметување се зема времето од излегување од ТППЕ до враЌање на возилото во ТППЕ.

**II. Услуги со моторни и електрични пумпи**

1. За работа со моторни пумпи се наплатува за еден час 600.00 ден.

2. За работа со електрична пумпа за еден час се наплатува 600.00 ден.

3.За работа на работници од ( возач, пожарникар) со моторна и електрична пумпа се наплатува за еден час 150.00 ден

Услугите со електричните и моторните пумпи се врши само под контрола на работник во ТППЕ.

Време на работа на пумпата се пресметува:

-Ако работата е изврШена во еден ден се пресметува цеклокупното време од излегување на пумпата од ТППЕ до враЌање во ТППЕ.

-Ако се работи за повеЌе дена - време за работа на пумпата се пресметува: ефективно време на работа на пумпата и времето изгубено за превоз за пумпата од ТППЕ до местото на услугата и обратно.

**III. За користење на друга опрема се наплатува:**

1. Агрегат за електрична енергија 800.00ден.за еден (1) час.

**IV.Полнење на апарати со компримиран воздух**

1.Се наплатува 100.00 ден по литар воздух ( боца од четири (4) литри 400.00ден.)

**V. Услугите од точката И со подточка 2 се даваат само за противпожарно обезбедување.**

**VI. За давање на услуги од точките И, И И, И И И и ИВ – ценејќи ја објективноста и оправданоста на бараната услуга - одлучува Градоначалникот на Општина Прилеп, по претходно обавена консултација со Командирот на ТППЕ-Прилеп, а водејЌи сметка за потполнетоста и мобилноста на единицата за локализација и гасење на пожари и спасување на животот и имотот на лицата загрозени од пожари, за времетраењето на дадената услуга.**

**V I I. Во случај на вонредна ситуација Командирот на ТППЕ Прилеп има право да нареди прекинување на давањето на услугата од точките I, I I, I I I и IV.**

**V I I I. Ценовникот Ќе се применува од денот на усвојување од страна на Советот на Општина Прилеп.**

Број 07 - 1467/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.06.2007 гид. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ БРОЈ 02 – 8/1-3 ОД 01.07.2004 ГОДИНА НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП**

1.Решението за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот број 02 – 8/1-3 од 01.07.2004 година на ЈКП "Пазари" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1468/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
26.06.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина прилеп на седницата , одржана на 25.06.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот број 02 – 8/1-3 од 01.07.2004 година на ЈКП "Пазари" - Прилеп

1.Се дава согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот број 02 – 8/1-3 од 01.07.2004 година на ЈКП "Пазари" - Прилеп.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1467/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.06.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

***С О Д Р Ж И Н А***

*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 11 од 26.06.2007 година*

1. Решение за запирање на објавувањето на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на комуналните такси.........................................................................**Стр. 1**

2. Ценовникот на услуги со техничка опрема, возила и средства за гасење на пожари. ......................................................................**Стр. 2**

3. Решението за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот број 02 – 8/1-3 од 01.07.2004 година на ЈКП “Пазари” - Прилеп..........................................................................**Стр. 3**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.